


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

## Самостоен аналитичар
## во Сектор за корпоративни пласмани во Дирекција корпоративно банкарство

***Биди и ти дел од нашиот тим...***

**Квалификации:**

- Диплома за завршено високо образование – Економски факултет
- Работно искуство од најмалку 2 години во финансиски институции
- Работно искуство во изготвување на финансиски анализи на правни субјекти ќе има приоритет при изборот
- Добро познавање на економските трендови и аналитички способности во областа на корпоративниот сектор
- Афинитети за тимска работа
- Добро познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Работни активности:**

- Управување со корпоративните клиенти на Банката
- Изработување комплетна анализа и проценка на финансиската и економската состојба на корпоративните клиенти
- Директна комуникација со корпоративните клиенти
- Презентација на кредитните барања до надлежните органи на одлучување на Банката
- Следење на договорните обврски на корпоративните клиенти
- Унапредување на соработката со постоечките клиенти

Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса:
Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 28.03.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk